***Изминуваат 10 години од формирањето и активното политичко дејствување на Социјалистичката партија на Македонија на политичката сцена во самостојна и суверена Република Македонија. Периодот од 10 години е доволно време и повод критички да се согледаат и сумираат резултатите и искуствата од дејствувањето на Социјалистичката партија на Македонија и на сите институции на системот во македонската држава. Врз основа на сознанијата и искуствата да се преиспита политичката платформа и програмските определби на партијата и на Третиот редовен конгрес, што ќе одржи на 25 март, 2000 година, да се донесат нова Политичка платформа и Програма. Ваква задача Извршниот одбор на СПМ постави уште во текот на месец јуни, минатата година.***

***Третиот редовен Конгрес на Социјалистичка партија на Македонија Ќе биде одржан во знакот на десетгодишниот јубилеј, и под мотото.***

***СПАС ЗА МАКЕДОНИЈА***

# *ПОЛИТИЧКА ПЛАТФОРМА НА СПМ*

## 1. ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА ИДЕЈА

Социјалистичката идеја во својата суштина ја содржи грижата кон граѓанинот и грижата за градење хуман однос кон него како општествена категорија. Таа е и носител на прогресивните демократски процеси. Овие основни обележја ја манифестираат смислата и содржината на социјалистичката идеја уште од нејзиното дефинирање во определена политичка платформа од масовен, сенароден карактер за кои Социјалистичката партија на Македонија најдоследно се бори за нивно оживотворување преку уставната и преку друга законска регулатива на организираното општество. Колку тие квалитети ќе доаѓаат до израз во животниот имплменмент зависат од степенот на развојот на личната свест низ која ќе се поттикнуваат процесите и на колективната, општествена свест. СПМ низ борбата за развивање на демократските форми и методи на работење значително придонесува во нивно динамизирање, создавајќи предуслови за непречен дијалог во сите форми на политичкото организирање, а уште повеќе во имплементацијата на идеите во животот на општествените механизми. Тоа е процес во освојувањето на демократските начела според развиеноста на степенот на сфаќањата и моќта за нивна примена и поединечна и колективна.

СПМ, прифаќајќи ги најпрогресивните решенија од европската социјалистичка демократија, е партија која ги усогласува тие процеси, создавајќи најповолни услови за нивна примена во Република Македонија. Преку доследното политичко настојување тие да се преточат во соодветна законска регулатива, градејќи ја на тој начин правната држава низ нејзините конституенти, пред се како ***национална, социјална и граѓанска, со висок степен во примената на демократските принципи***.

## 2. ТРАДИЦИЈАТА - ПРИДОБИВКА И ДОБЛЕСТ ЗА СПМ

СПМ, водејќи се од основните демократски начела на социјалистичката идеја, се надоврзува на европските искуства, прифаќајќи ги за своја придобивка, но и на сопствените, кои го издржаа критериумот на историската проверка подолго од едно столетие. Почнувајќи од нејзините сподвижници, од велешанецот Васил Главинов и од плејадата македонски социјалисти (Гоце Делчев, Јане Сандански, Даме Груев, Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, Никола Карев, Веле Марков, Петар Поп Арсов . . .), од првата политичка партија на Македонија, со митската одредница на ВМРО во лицето на Гоцева (а не на врховистичката) и Народната федеративна партија на Јане Сандански, Димитар Влахов и Анастас Митрев, преку Народниот антифашистички фронт и Социјалистичкиот сојуз, без исклучок, социјалистичката идеја е трајна придобивка на СПМ, како носител на континуитетот во Македонија. Токму поради таа историска одговорност, СПМ го чувствува својот долг кон прет-ходниците во негувањето на нивните визии, збогатувајќи ги со нови, соодветни, барања на македонскиот народ во овој милениум во процесот за нашето обединување во Европа. Во тоа е доблеста на СПМ, на нејзиното членство, на симпатизерите и граѓаните во Република Македонија. Во плурално-политичкото општество СПМ најдобро знае да ги верификува демократските придобивки во сопственото ангажирање и доследно да ја застапуваат таа водечка мисла на македонските социјалисти. Социјалистичката идеја во Македонија денес со гордост се

надоврзува, ја осовременува и ја оживотворува Социјалистичката партија на Македонија.

## 3. КОНТИНУИТЕТОТ НА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ПРЕОБРАЗБА БЕЗ КОМПРОМИС ЗА НАЦИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВНОСТ

Република Македонија според својата географска положба, според историските, културно-традиционалните особености и според другите предности на домицилното население, во едниот дел е хомогена (единствена) целост, а во другиот е со хетерогени (различни) карактеристики. И едните и другите карактеристики, повеќе или помалку, на свој начин се рефлектираат во политичкиот и во општествениот живот, најчесто како нивни рецидиви од задоцнетиот државно-правен развој на Македонија во споредба со другите европски, па и балкански држави. Усогласувањето на едните со другите особености, преку разрешувањето на нивните противречности, ја формираат синтагмата на соживот меѓунационално-етничкиот состав на граѓаните на Република Македонија. СПМ преку својата Програма крајно одговорно му приоѓа на ова горливо прашање, нудејќи свој концепт во неговото дефинирање и трајно разрешување врз концептот на унитарниот модел на државното уредување.

Денес Република Македонија е меѓународно призната национална држава како членка на Обединетите нации. Надминати се, иако со огромно задоцнување, историските неправди кои му се нанесуваа на македонскиот народ од отоманскиот период наваму. Граѓаните на РМ тоа добро го знаеја како колективно национално паметење.

СПМ, респектирајќи го досегашното афирмирање на Република Македонија во светот, констатира дека можело многу повеќе да се стори од она што е стекнато досега. Тоа, особено се однесува на националниот статус како држава, на грижата за македонците во земјите од опкружувањето и во дијаспората. СПМ најостро ги осудува обидите за отстапување од овие национални определби и како партија на власт ќе ги ревидира сите негативни најави и ќе застане на браникот на националните интереси. Впрочем, тоа го прави секоја разумна национална држава во светот.

***СПМ е партија на цврсти и на јасни политички определби, а не на алтернативи во поглед на македонските национални интереси***. СПМ е против таквите политички заложби во својата држава. На македонскиот народ му се туѓи измамите од типот на петоколинзмот завиткан во политичкото и културно руво на таканаречената позитивна енергија, без разлика од која страна тие доаѓаат. За среќа, тој самиот ги препознава и во опкружувањето и во сопствените редови, осудувајќи ги како анационални појави.

## 4. ДРЖАВОТВОРНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА Е НАЦИОНАЛЕН, А НЕ ПОЛИТИЧКИ КОНСЕНЗУС

***Македонскиот народ е носител на државноста во Република Македонија***. Така е и во секоја современа европска држава. Оттука произлегува и (подзаборавената) уставната обврска која го надминува овој европски квалитет за државноста во интерес на одбегнување "етнички" судири. Тој уставен компромис е еден вид политичка алтернатива која во себе содржи поголем квалитет во однос на условите на многуте демократски поразвиени земји во Европа. Уставот на РМ (1991) е обврска во заштитата на македонските национални вредности со определен политички стандарди, во заштитата на вредностите на малцинствата, врз основа на меѓународно прифатените стандарди кои бараат и политички консензус од кои нема отстапување, без разлика на партиската припадност, политичкото и конфесионалното убедување. Македонската нација и нејзината државотворност се без преседан и треба да се достоинство на секој граѓанин на РМ. Се друго, како што покажуваат политичките искуства во плурална Република Македонија, го стимулираат сецесионизмот, кантонизацијата и федерализацијата кои веќе се најавуваат кај определени националистички партии. РМ мора да има уставен одбранбен механизам кој ќе се имплементира со европските и со светските механизми во заштитата на националните интереси и во непроменливоста на границите. Тоа се заложби од минатите генерации за сегашните и за идните. Од тие заложби СПМ нема да отстапи.

Од овие темелни постулати и во Европа и во Република Македонија за СПМ произлегуваат оние форми и модели низ кои таа ќе го гради демократското општество и системот на политичкото и општественото уредување. Во тие процеси СПМ го гледа и вградувањето на интересите на етничките структури од сферата на културните и на верските традиции со сиот почит и респект кон нив во севкупниот мозаик на македонското општество. Тоа се карактеристики наследени од 19 век, потврдени и историски верификувани во 20 век, и со степен на значително развиени односи во сфаќањата на демократските начела за 21 век. Оттука, демократијата е процес и потреба за активни заложби на генерациите.

СПМ во политичкото организирање ќе ги надмине еуфоричните национално-верски форми, а ќе ги прифати, ќе ги стимулира и законски ќе ги регулира граѓанско-демократските модели во рамките на унитарната држава.

## 5. СПМ И ЗАШТИТАТА НА ДРЖАВНИТЕ СИМБОЛИ

СПМ енергично ќе застане во одбрана на државните симболи од нивна злоупотреба во сопствената држава, и надвор од неа. Тоа ќе го постигне со јасно дефиниран законски акт. СПМ нема да дозволи во Република Македонија да се употребуваат национални или државни обележја на други земји, освен

во одделни случаи определени со закон, како што се: меѓународни манифестации, државни посети, саеми, семинари, меѓународни конференции, културни настани, спортски натпревари и слично. Тоа е меѓународно прифатен принцип и однос кон државата во која живеат граѓани без разлика на нивната национална, етничка и верска припадност. Истакнувањето на знаме на друга држава во Република Македонија надвор од законот, СПМ ќе го смета за непријателски чин и за мешање во нејзините внатрешни работи. СПМ како владејачка партија со сета сериозност ќе го покрене ова прашање како проблем на балканскиот регион.

## 6. СПМ СЕ ПОТПИРА ВРЗ СВЕСТА НА ГРАЃАНИТЕ

СПМ нема причини да експериментира со својата политичка определба. Таа се потпира на веќе изградените концепции на вообичаениот кодекс на социјалистичкото мислење и во европски и во традиционално-историските македонски димензии. СПМ само ќе се надоградува на оние вредносни категории, сфаќања и искуства кои ќе значат привилегија за современите општествени текови и интереси на граѓаните во РМ. СПМ и во својот историски континуитет и во актуелниов период на нејзиното ангажирање, афирмирајќи се и декларирајќи се како демократска определена партија, единствено се потпира врз свеста на граѓаните кои придонесуваат во градењето и на општествената и на колективната свест. Во таа насока доследно ќе се застапува во градењето на општество со граѓанска опција, во која ќе бидат содржани историските атрибути и содржинските вредности од европска провиненција. Усогласувањето на едните (историските) и на другите (современо-граѓанските) вредности е обврска која СПМ може успешно и доследно да ја имплементира во општествениот живот на РМ. Во тие доследности СПМ води темелна грижа што и досега ја докажуваше и применуваше во дело низ своите акции за национално-државничката основа на домицилното население, притоа, високо ценејќи ги човековите права на граѓаните од другите етнички состави во негувањето на верските, на културнообичајните и на другите придобивки кои ги смета за содржинско збогатување во мозаикот на општествениот живот во Република Македонија.

## 7. ЧЛЕНСТВОТО НА СПМ

Членството на СПМ го сочинуваат најразлични социјални групи на граѓани што на Партијата и придава масовен карактер. Во овие социјални групи доминираат средната класа, сиромашните граѓани, работниците, земјоделците, дел од интелигенцијата и особено младата популација која е најзагрозена. Во нив има занимања од сите профили и степени во образованието од двата пола и од сите возрасти, кои, според својата структура, според своите сфаќања и

интереси, ги обединува социјалистичката идеја од модерен европски тип и сфаќање на демократијата. Токму тоа богатство на кадровски потенцијал раѓа и богатство на идеи кои и даваат посебна карактеристика на СПМ да биде витална, постојано отворена и кооперативна за сите оние кои сакаат да бидат нејзини членови или симпатизери во борбата за освојување на нови општествени вредности и за создавање на перспективна, економски силна држава. СПМ ќе ги користи сите кадровски потенцијали во Република Македонија кои ја прифаќаат социјалистичката идеја..

Според структурата на своето членство, СПМ не е елитистичка партија. СПМ ќе создава економски предуслови секоја личност со својот труд и со својата креативност да остварува добра за сопствена и за семејна егзистенција. СПМ без колебање ќе работи на практичната реализација на визиите за општествен подем низ демократските принципи во институциите и во функционирањето на правната држава. Елитизмот е својствен на десноориентраните политички субјекти и на оние кои клонат кон нив, содржејќи го теснопартискиот интерес на нивните олигархии.

## 8. СПМ- НОСИТЕЛ НА ВЛАСТА

СПМ учеството во остварувањето на власта го гледа низ политичката победа на локалните и на парламентарните избори. Нејзина крајна цел е освојување на власт, со јасно издеференцирана политичка и државничка одговорност. Само на тој начин ќе дојдат до целосен израз националните и државните интереси како најприоритетни во сите сфери на нејзиното опстојување и афирмирање на современиот концепт на уредување на унитарната држава.

СПМ има цврст став низ институционалните форми и облици, со силата на своите демократски определби, да се бори за освојување на власта. Таа политичка концепција е присутна во целокупното членство на СПМ. За таа цел СПМ располага со силен и со стручен кадровски потенцијал од сите профили.

## 9. СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО ФУНКЦИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ И НА ПОЛИТИЧКАТА СТАБИЛНОСТ

Поаѓајќи од политичките определби, СПМ како партија на социјалната демократија доследно ќе работи Македонија да се рализира и како социјална држава. Водена од тие принципи, СПМ се застапува за слобода на личноста, за солидарност и за правна држава во заштита на трудот од физичка и претприемачка експлоатација, без разлика на видот и степенот на носителот на сопственоста.

СПМ се избори во Уставот да биде вградена одредницата дека Република Македонија е и социјална држава. Поради тоа СПМ особено внимание посветува на водењето економска политика, на хармонизацијата на економската и на социјалната димензија, особено, во транзициониот период. За СПМ е првосходно одржувањето на рамнотежата помеѓу економската и социјалната ефикасност.

Оттука, СПМ е уверена дека социјалната политика и политичката стабилност најдиректно се рефлектираат врз создавањето поволен амбиент во реализирање на економските цели и задачи. Со други зборови речено, социјалната и економската димензија во развојот се меѓусебно зависни и од нивната хармонизација зависи вкупниот амбиент за живеење во здрава, во стабилна и во среќна семејна и општествена средина.

Врз овие основи, СПМ ја дефинира својата Програма за социјална и за здравствена заштита на граѓаните. Паралелно со тие определби доаѓаат до целосен израз интересите на граѓаните низ различните социјални групи во изнаоѓањето на најоптималните решенија за просперитетот на државата и смислата на трудот на секој граѓанин со кој ќе ги задоволува своите и семејните потреби за висок стандард на живеење. Доколку не се создадени такви предуслови, СПМ со инструментите на социјалната политика ќе овозможи социјална заштита на секој граѓанин без работа достојна за живот и тоа до степен што ќе го стимулира да бара работа ако сака да живее побогато. Овој принцип има широка примена во развиените земји во кио се на власт социјалистичкте и други левоориентирани политички партии.

## 10. СПМ Е ЗА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА, И ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Македонскиот граѓанин никогаш не барал милост за сопствената егзистенција, туку само барал работа низ која ќе ја остварува својата личност, ангажирајќи се до степен на неговите работоспособни и стручни знаења кои го афирмираат и го красат со чувството на чеснотрудољубивост и инвентивност. Така се познаваат Македонците себеси - така нас и не препознаваат во светот. За поцелосно да дојдат до израз тие способности потребни се јасни системски решенија кои ќе го стимулираат трудот на македонскиот граѓанин, без разлика во која форма и во која стручност на изразување доаѓаат тие - индустрискиот, трговскиот, административниот, интелектуалниот, претприемништвото, иновациите ... СПМ може брзо да ги донесе тие системски решенија преку кои ќе го стимулира титуларот за понатамошни инвестирања во производството и за отворање нови работни места во кои ќе се ангажира работоспособното население, особено, младите.

За СПМ нема друга алтернатива за економскиот развој на Република Македонија, освен стимулирање на пазарната економија. Извршната власт на сите нивоа мора да се сведе на своевиден сервис на граѓаните. Таа треба да овозможи предуслови за производство и негов пласман на странските пазари. Даночната и царинската политика да бидат во функција на тие интереси, но не на штета на граѓаните и на државата. Тие интереси ќе се усогласат до степен

на реални и економски оправдани критериуми.

Денес Македонија се соочува со застој во развојот на пазарната економија. Таа е исклучиво подредена на административно-извршната бирократија, која се манифестира низ нејзината олигархија. Титуларот и менаџерските тимови се исклучени од економските процеси, и барањето на решенија за развојот на стопанските субјекти што е особено изразено во големите индустриски капацитети. Истите се продаваат незаконски, надвор од секоја пазарна логика, без економски критериуми, редовно со пониска цена од реалната и секогаш со благослов од лидерите на партиите на власт. За СПМ ваквото водење на економската политика е крајно неприфатливо и опасно.

Департизацијата и професионализмот на администрацијата отвора огромни можности за меѓународната комуникација и протек на идеи и свеж капитал во инвестиционите циклуси за кои ќе се договараат носителите на сопственоста.

Државните фирми и нивната монополска позиција, не смеат да станат сопственост на партиите на власт која нашла за потребно да ги трансформира во определен сопственички, партиски однос или да ги отстапува по пат на концесии на странски купувачи. СПМ со посебен закон ќе ја заштити државната сопственост од евентуалните можни злоупотреби. За СПМ тие се од капитално значење за функционирањето на државата како нејзин национален наменски и стратешки фундамент.

СПМ преку застапувањето за пазарна економија се застапува за демократскиот социјализам каков што го има во европските земји и кој со децении успешно опстојува и функционира. Тие држави веќе се маркирани како високоразвиени во сферата на економскиот просперитет, во освојувањето и во примената на највисоките дострели на демократските начела и принципи. Граѓаните на тие земји имаат високи стандарди на живеење. Социјалистичките партии во тие држави паралелно градат високи стандарди во социјалната политика и во социјалната заштита на своите граѓани.

Македонската интелигенција веќе комуницира со светот на високи рамништа во сите сфери на општење. Истото тоа е одлика и на стопанствениците. СПМ низ системските решенија ќе овозможи реализација на тие предности и нема да дозволи административните пречки да го кочат тој процес. СПМ ќе стори се државата со својата администрација што побргу да ги надмине бирократските односи и да се стави во функција на капиталот и на претприемништвото, притоа, брзо реагирајќи во донесувањето на соодветните решенија од административен тип. Тоа е одлика на флексибилна администрација. Системот и неговото законодавство се тие кои ќе ја овозможат сервисната улога на државата, незапоставувајќи ги и нејзините витални интереси за непречено функционирање.

СПМ како политичката партија на власт во државата нема да дозволи на сметка на професионализмот да се партизираат односите во самата држава. Колку тие односи да се блиски, толку се и различни по својата природа и содржина на работа. Блискоста е во креирањето на политиката, а различноста во функционирањето на државниот апарат. Политиката создава предуслови за отворање на нови пазари, а државата го овозможува нивното функционирање преку соодветните законски регулативи. Во такби изградени меѓусебни односи со разграничување на компетенциите, СПМ ќе овозможи во определени

владини кризни периоди, со професионлниот статус на администрацијата, државата да продолжи непречено да функционира. Ако е тоа својствено во кризни периоди, зошто државниот механизам да боледува од партискиот страв? Во општества каде што е се сведено на професионализам и на градење такви односи на доверба, државата преку својата администрација не смее да се доведе во прашање и во непосредна "опасност" од партијата на власт. СПМ и во регулирањето на овие односи е застапник на идејата за нивно системско регулирање и разграничување на компетенциите во сите домени, особено, во кадровскиот дел кој мора да е стручен, ефикасен, независен и кооперативен. Административниот дел како и политичкиот не е над државните интереси, туку тие интереси се подредуваат во нивна функција, во името на граѓаните, нивниот економски статус и фирмите кои ја наоѓаат својата смисла на егзистенција. СПМ и државата со целокупната своја апаратура (административна, политичко-извршна и законодавна) ќе бидат само продолжена рака на интересите на граѓаните, имплементирајќи ги современите процеси од развиените демократски принципи и искуства од пазарните економии во сопствената ле- гислатива. Политичките заложби кои добиваат законска димензија ќе бидат обврска на државната администрација која ќе подлежи на контрола во нивното извршување, но не и со амбиција за нивна злоупотреба од партиски цели, како што е примерот со корумпираните општества.

## 11. ПРОЦЕСИТЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И ГЛЕДАЊЕТО НА СПМ НА НИВ

Процесите на глобализација што денес се одвиваат во светот го свртуваат вниманието на многу аналитичари и политички партии, посебно на левоориентираните. Оттука, СПМ со внимание ги следи процесите на глобализација како и барањата на одговори на дилемите и последиците што ги најавуваат овие процеси.

Овие процеси не ја заобиколуваат ниту нашата земја. Оттука, СПМ критички ќе ги согледува и одговорно ќе им приоѓа на овие процеси и со осмислена политика ќе ги надминува дилемите и проблемите кои ќе се наметнуваат. СПМ глобализацијата ја сваќа и прифаќа како позитивен предизвик за поусогласена и порамномерна распределба на светскиот капитал меѓу развиените и недоволно развиените земји и ќе се спротивставува на тенденциите современите "модерни" моќници и господари да ги присвојуваат на најбрутален начин богатствата што се заеднички добра на човештвото. Имплементацијата на овие заложби се особени значајни за земјите во транзиција, меѓу кои е и Република Македонија.

СПМ не го прифаќа наметнатиот статус на Република Македонија во пактот за стабилизација на Југозападен Балкан и го смета за крајно провинциско изолирање од европските процеси, наспроти нејзините интереси во нив. СПМ ќе ги вложува сите напори да го измени овој неповолен статус на нашата земја

и да го забрза процесот на влегувањето во Европската унија.

## 12. СПМ И ВРАБОТУВАЊЕТО

СПМ не може да се помири со фактот дека една генерација, а на ред е уште една да остари без вработување.

За Социјалистичката партија на Македонија посебен предизвик е работното ангажи-рање на сите човечки потенцијали со кои располага Република Македонија, особено на младите. Неколку генерации се општествено препуштени на случајностите и без контролиран однос кон нив: цената на трудот, работниот стаж, здравствената заштита, експлоатацијата на трудот, па се до уцените од најнизок вид.

Партиската индоктринација на младите доведе до нивно раслојување кое се граничи дури и со политичка нетолеранција низ која преовладуваат, во одделни средини, и национално-етничка нетрпеливост во која се манифестира најмрачниот национализам и шовинизам. Манифестирањето на асоцијалните и на националистичките појави доаѓа од преголемата партизација и од безперспективноста на младите за сопствена егзистенција во матичната татковина. Некои политички партии со десноориентирани платформи многу вешто манипулираат со нивниот младински потенцијал, нудејќи го "партискиот" модел за нивна иднина, без да се имаат предвид интегралните потреби на младите. Тоа доведува до нагласени појави на партиски и на непотистички однос преку вработувањето, без да се почитуваат основните критериуми: стручноста, компетентноста, знаењето, искуството, социјалниот статус во семејствата... кои придонесуваат до уште поголемо раслојување на младите и до губење на довербата во државата меѓу самата генерација.

СПМ, почитувајќи ги традиционалните форми на работното ангажирање, доследно ќе се бори против негативните појави кои го рушат колективниот принцип, наспроти партискиот и непотистичкиот, застапувајќи се за непречно функционирање на законитоста и на еднаквоста пред него на сите со веќе утврдените критериуми.

Вработувањето колку и да е од социјално-егзистенционална природа, пред се, е од национален интерес. Оттука, за СПМ е важно да функционира принципот - најмалку едно вработување од семејството, а, особено, од младите брачни заедници.

Во еден период од самоуправниот социјализам нараснатите социјални тензии во државата, по основ на невработеност, се решаваа по т.н. модел "привремено вработување во странство". Во демократскиот социјализам, што подразбира висока економска развиеност на државата, младите од сите степени на стручна оспособеност за работа, својата иднина мора да ја наоѓаат во сопствената татковина. И не по секоја цена, принудно, туку со овозможување на високо вреднување на нивниот труд. Тоа е една од трајните определби во политичкото ангажирање низ реализацијата на економската

програма на СПМ.

Држава која инвестирала во својот подмладок мора да им овозможи на младите смислата на својата иднина да ја наоѓаат и да ја остваруваат во матичната татковина. Логиката на економската политика е таа да се подреди на националните интереси, како што се во случајов со вработувањето на младите во Република Македонија.

СПМ ќе се застапува за создавање на предуслови и за традиционални семејни ангажирања во руралните средини (села и неразвиени подрачја-региони) кои имаат т.н. скриени, запоставени, но и вредни потенцијали за производствено ангажирање.

Ако една мината политичка заблуда беше категорична во создавање на работничката класа со моќ, стимулирајќи ги миграционите процеси село-град, треба да следи период на нивно корективно пренасочување кон традиционалните форми на семејно вработување во пасивните и во недоволно развиените рурални средини од каде што потекнуваат истите потенцијали. Тоа не е "казна" за "неуспешните" во работничко-класниот експанзионизам, туку свесно осмислување на социјалниот живот и егзистенција на младите со високи стандарди во своите средини, но и според степенот на нивните сфаќања и потреби.

Што се подразбира под предуслови за висок стандард во руралните средини и на кои подрачја ќе се ангажира СПМ?

- Решавање на прашањата, таму каде што ги нема, од сферата на инфраструктурата во селата и пасивните региони - сообраќајната и ПТТ мрежата, електрификацијата, комуналната сфера, образованието, здравствената заштита и стимулирање во изградба на мали и на регионални центри за културно-забавниот живот на младите кои со себе ги носат стекнатите навики и потреби за нивно изразување.

- Отворање на стимулативни инвестициони циклуси според степенот и карактерот на производството што го нудат стопанските субјекти за нивно работно ангажирање, меѓу кои и даночно-царинските олеснувања да се во стимулативна функција.

- Слободно формирање на пазарната вредност на вишокот на производи и гарантирање на откупната цена од монополските фирми, особено ако титуларот е државата.

- Урбано решавање на просторот на економски и животен дел на населението кон што треба да се прилагоди и инфраструктурата како еколошка потреба и во животот и во производството на здрава храна што ќе говори за висок стандард на живеење. Тоа се основните, вообичаени облици на живеење во Европа кои претставуваат национална традиција со која се гордее секоја современа држава за која се организираат саемски и други форми на афирмација на нивниот живот, начин на производството и самите производи за пазарот.

- Работниот стаж на граѓаните кои се определуваат за производство на здрава храна, особено на село, во неразвиените и во планинските краеви, државата како посебна стимулативна мерка треба да воведе привилегирани додатни месеци во тековната година (за мажи +2 месеци, за жени +4 месеци во пензискиот стаж, на пример) од причини што во тој труд е ангажирано, посредно или непосредно, целото семејство, вклучително и старите, изнемоштените и децата. Прилог кон тоа е и значително зголемување на висината на земјоделските пензии, селективно, за ридско-планинските и за недоволно развиените

подрачја. Ако на некој начин природата не им била наклонеата, не значи дека и државата треба да ги казнува преку својот неодговорен однос кон нив.

Република Македонија ги има сите природни предуслови и треба да има мотив повеќе во нивното развивање и стимулирање. СПМ не отстапува од овие определби, сметајќи ги за свое приоритетно ангажирање, дотаму повеќе што близу 50% од населението живее во руралните подрачја на Македонија.

## 13. ПОПУЛАЦИОНАТА ПОЛИТИКА И АНГАЖМАНОТ НА СПМ

Следејќи го концептот за рационализација на производствениот труд и неговата употреба како општествено организирана категорија се отвора и прашањето, често свесно премолчувано, и за водењето на популационата политика во Република Македонија.

За СПМ Република Македонија, пред се, како домицилна, национална и социјална држава, на што се надградува и како граѓанска, во континуитет на овие атрибути, демократски ориентирана од највисок европски ранг, мора да води национално-демографска политика без да се нарушат нејзините државотворни особености. Повеќедетство во семејствата го нарушуваат тој концепт и не е во согласност со економската моќ на државата.

Секоја национална држава, според својата демократска вокација, води строга сметка во планирањето на семејствата преку популационата политика. Од тие причини, СПМ како партија од сенароден карактер, има и си презема историска обврска да ги анимира интересите на македонскиот народ во името на неговата традиција, историја и опстанок кои од неконтролираната популационата политика драматично се загрозува неговиот опстанок. За ова прашање, посебно, СПМ ќе биде доследен застапник политичките партии во РМ да изградат политички консензус кој бара и негово законско регулирање.

Потпирајќи се врз научните истражувања и сознанија, планирањето на семејството ќе биде усогласено со економската моќ на Република Македонија. Надвор од тоа секое семејство е одговорно за грижата на повеќедетството (здравствената, образовната, вклучувајќи го и нивното вработување). Врз таа основа треба да се гради и свеста на родителите. Степенот на родителската одговорност да се усогласува според законските одредби кои ќе ја регулираат и оваа сфера на општествениот живот. Такви примери на контролирана репродукција на населението има во светот. Законот за популациона политика е еден од тие кои ќе придонесуваат да се гради одговорност кон поколенијата.

## 14. СПМ И ОБЈЕКТИВНОСТА ВО ИНФОРМИРАЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ

Социјалистичката партија на Македонија посебно внимание низ својата ангажираност му посветува на информирањето како составен дел во нејзиното политичко ангажирање. Нема општество без развиена демократска слобода во непречено користење на изворите на информациите на сите нивоа во општествениот живот. Токму преку слободата на информирањето се гледа и степенот на развиеноста на демократските односи во општеството. Носителот на информациите мора да има одговорен однос кон медиумите и кон личноста на новинарот преку точна, навремена и компетентна информација, како што тоа се бара и од уредувачката политика во медиумите и од личноста на новинарот во нивната интерпретација. Квалитетно и навремено информираните граѓани можат да бидат објективни носители на оценките за успешноста на политичките партии, за функционирањето на законодавната, на извршната и на судската власт што, само по себе, ќе се рефлектира во насочувањето на гласачите при нивното изјаснување, како и за степенот и за успешноста во функционирањето на сопствената држава.

Државната финансиска субвенција на дел од средствата за информирање за СПМ не треба да значи и влијание на власта во уредувачката политика, туку само стимулирање на професионализмот во македонското новинарство и негово подигање на повисоки стандарди. Тенденциите што се јавија за целосна партизација на "државните" медиуми за СПМ е крајно неприфатливо. Субвенциите можат да бидат од олеснувања во даночната и царинската политика до непосредна партиципација во нивното финансирање, особено, во нивното материјално-техничкото и технолошко опремување. Овие видови на партиципации, иако се туѓи на економската логика на пазарната економија, државата е таа која, поради ограниченоста на пазарот и материјалната моќ на граѓаните, ќе влијае квалитетната информација да биде подостапна за нив, дотолку повеќе што истата има и едукативна функција и во нивните семејства.

Ослободувањето од политичките стеги на масовните медиуми и на личноста на новинарите, се најдобар израз на слободата во информирањето која мора со закон да биде регулирана и имплементирана со системот и заштитена од можните злоупотреби. Слободата на информирањето, и не само од новинарската фела, бара висок степен на одговорност без исклучоци. Во името на таа слобода асоцијацијата на новинарите може да ги регулира своите права и обврски со кодекс кој ќе биде во функција токму на националните придобивки и на професионализмот во новинарската професија. СПМ доследно ќе се залага овие вредности да заживеат со поголема динамика во општествениот систем на Република Македонија како квалитет во освојувањето на демократските принципи и начела на однесување.

## 15. ОПШТЕСТВЕНАТА НАДГРАДБА - ОБРАЗОВАНИЕТО, НАУКАТА, КУЛТУРАТА, БИТЕН УСЛОВ ЗА ВКУПНИОТ ОПШТЕСТВЕН РАЗВОЈ НА ДРЖАВАТА

За Социјалистичката партија на Македонија образованието, науката и културата, не само што се трајна преокупација туку се и витален програмски ангажман во определувањето на нивниот статус во општеството. Тоа се најчувствителни сфери при изградувањето, одржувањето и развивањето на демократското граѓанско општество имајќи ги предвид националните интереси на македонскиот народ. Образованието, науката и културата не се прашање за политички туку за национален консензус и однос кон сопствената историја, кон сопствениот бит и просперитет.

Токму низ сферите на образованието и на културата се потврдува и се негува националното чувство на македонскиот народ, респектирајќи го придонесот на малцинствата во процесот на квалитетна интеграција со другите народи. Тоа е света определба за Социјалистичката партија на Македонија која во континуитет и најдоследно ќе ја застапува во рамките на унитарниот карактер на државноста.

Остварувањето на правата на малцинствата СПМ ги гледа во остварувањето на единствениот систем на образовно-научно ниво и во афирмирањето на нивната култура во рамките на РМ.

## 16. СПМ И НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА

Надворешно-политичката ориентација на СПМ е многу јасна и декларирана. СПМ е за интензивен развој на меѓународната соработка на Република Македонија врз принципите на мирот, на рамноправноста и на меѓусебното почитување, за градење на конструктивна надворешна политика, за создавање на стабилен мир на Балканот и во Европа. Тоа ќе се постигне со воспоставување на сестрани и на цврсти врски со соседните земји за слободна циркулација на луѓе, на идеи, на стоки, на капитал ... Тоа е императив без кој не е можен напредок на регионот и на секоја земја одделно. СПМ е цврсто определена за целосно вклучување на Република Македонија во европските интеграциони процеси и во системите за колективна безбедност во Европа и во светот.

СПМ не прифаќа менување на основите во системот на уредувањето на нашата држава, изграден со национален консензус, а особено не прифаќа заговарање за менувањето на границите меѓу државите на Балканот што може да биде повод за нови балкански конфликти и војни.

Низ надворешно-политичката активност СПМ ќе ги афирмира историските особености на Република Македонија, особено, покажувајќи грижа за Македонците во соседните земји, а нивните права согласно меѓународните договори како и за правото на реципроцитет, согласно загарантираните права на малцинствата во Република Македонија. Тоа ќе овозможи напуштање на политиката на мешање во внатрешните работи на секоја земја од регионот посебно. СПМ ќе работи за афирмирање на Македонија како подрачје со решени меѓунационално-етнички права на своите граѓани и со право да бара да се почитуваат правата за Македонците во соседните земји.

Отстапувањата што настанаа од зацртаните правци, од наводно кусорочни економски интереси и цели во нашата надворешна политичка ориентација за СПМ се неприфатливи. Тие отстапувања веќе доведоа до негативни последици по стабилно изградената надворешна политика на земјата, што се рефлектира низ сите сфери на комуницирање и градење на односите со државите-членки на Обединетите нации и посебно со земјите на Европската унија. Тие рефлексии се чувствуваат во политичкиот третман, во економските односи, а најмногу во ангажирањето на свеж странски инвестиционен капитал. Оттука не случајно Македонија се најде во пактот за стабилност. СПМ е и против еднострано или двострано политичко и економско насочување и поврзување на Република Македонија со одделни соседни земји и, особено, во отстапувањето на стратешките стопански капацитети од јавен национален интерес што доведе до ситуација да биде доведена до зависна од туѓи интереси.

Досегашната практика со промената на власта покажа дека се отстапува од нацио-налните интереси што е туѓо за политичката програма на СПМ. Концептот на т.н. позитивна енергија веќе доведе до грубо мешање од соседните земји во нашата внатрешна државно-национална политика, што го сметаме за чин на недолично однесување во меѓународната дипломатија. СПМ не само што се спротивставува на овој политички концепт туку и ќе го спречи неговото понатамошно ескалирање.